**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунциева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот ВМ од КП, по одржаната расправа во согласност со членовите 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 17.12.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Нотар В.М од К.П., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по членот 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр.3/23 од 4.1.2023 година, при приемот на предлог за издавање на решение за нотарски платен налог, на задната страна на предлогот користела штембил за дејството кое го презема, односно на задната страна од писменото нотарот ставила Штембил за потврдување на прием на списи (Образец бр.21) од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување, наместо Штембилот за прием на писмено- приемен штембил (Образец бр. 3) од истиот Правилник, со што постапила спротивно на членот 7 став (1) точка 3) од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

2.Нотар В.М од К.П, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во Уписникот за нотарски платен налог во електронска форма, уредно не ја пополнува рубриката од уписникот, која се однесува на „датум на правосилност и извршност“, односно за предметите НПН

бр.111/22, НПН бр. 112/22, НПН бр. 177/22, НПН бр.178/22, НПН бр 200/22, НПН бр.201/22, НПН бр 201/22, НПН бр.202/22, НПН бр.203/22, НПН бр.313/22, НПН бр. 510/22, НПН бр. 584/22, НПН бр. 585/22, НПН бр. 586/22, НПН бр. 587/22, НПН бр. 588/22, НПН бр. 589/22, НПН бр. 590/22, НПН бр. 591/22 и НПН бр. 592/22, пополнила дека издадените решенија за нотарски платен налог се правосилни и извршни иако немало уредна достава, на кој начин не постапила во согласност со член 23 став (1) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна попомена.**

3.Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметите НПН бр.247/22, НПН бр.314/22, НПН бр.447/22, НПН бр.448/22, НПН бр.450/22, НПН бр. 508/22, НПН бр. 509/22, НПН бр. 580/22, НПН бр. 581/22, НПН бр. 582/22, НПН бр. 583/22 и НПН бр.594/22, иако имало уредна достава и во електронска евиденција во рубриката 13) од член 23 став (1) на Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, која се однесува на „датум на правосилност и извршност" навела дека издадените решенија за нотарски платен налог се правосилни и извршни, а на решенијата за нотарски платен налог нема ставено штембил за правосилност и извршност, со што постапила спротивно на членот 73 став (1) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **парична казна** во износ од 500 (петстотини) евра во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

4.Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 4.1.2024 година, примила Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, заведен под НПН бр.3/2023 и решението за нотарски платен налог не го донела во рок од 3 дена од прием на предлогот, со што постапила спротивно на членот 71 став (6) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

**Претседател на Советот**
**Елена Милушева-Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;